РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-2146/2
26-10-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 39-тата седница, одржана на ден 15.10.2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2146/1 од 08.06.2020 година, доставена непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема основ за постапување по предметот со број 09-2146/1 од 08.06.2020 година, бидејќи лицето -----------, не ја извршува повеќе функцијата Технички Министер за --------------.

Предметот со број 09-2146/1 од 08.06.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2146/1 од 08.06.2020 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата. Во пријавата има наводи дека Техничкиот Министерот за -------------------, ----------- не постапува согласно член 4 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со кој е регулиран начелото на интегритет, бидејќи на ден 29.04.2020 година, дал изјава со која појаснува дека за се мора да се консултира со Претседателот на политичка партија, -------------------.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатираше дека лицето ------------, не ја извршува повеќе функцијата Технички Министер за -----------------, по што Државната комисија нема елементи да постапува по наведениот предмет, ниту да превеземе мерки согласно член 17 став 4 и 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М, Виш соработник
Одобрил: Г.Т.., Член

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk